# ЗНМ: Нападнати новинари, повреден сниматeл од АЛСАТ, бараме итна реакција од МВР

Од страна на **Вечер** - 21/08/2023 - 18:06

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон нашите колеги од ТВ Алсат, Скопје.

Имено, денеска за време на снимањето инсерти за промо на емисија во Скопската чаршија на јавна површина, нападнати се сниматeл и новинарките Ера Ѓакова и Сара Хоџа од страна на сопственик на берберница во скопската чаршија.

Според изјавите на нашите колеги, додека снимале инсерти во чаршијата за потребите на емисијата од еден од дуќаните излегол сопственикот, бербер со ножици и им се обратил со вербални навреди и закани по живот, при што на сниматeлот му нанел видливи повреди на главата.

При физичкиот напад била оштетена и опремата на сниматeлот. ЗНМ веднаш контактираше со новинарката од Алсат, Ера Ѓакова која беше видно вознемирена ни го потврди инцидентот и ни даде конкретни информации дека: Екипата со која снимале на терен била нападната без причина од страна на непознато лице, ситуацијата била непредвидлива и многу вознемирувачка, особено за нападнатиот сниматeл а и за колешката Сара Хоџа на која ова не и е прв пат да биде нападната, "лицето по нападот се врати во дуќанот а потоа повторно излезе, но кога виде дека веќе се собраа минувачи да помогнат а и дека е повикана полициска екипа се упати во непознат правец ".

ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на
You're back online **refresh** ×
кционирање на напаѓачот.

Потенцираме дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик а МВР и ОЈО, треба итно да ги истражат и процесираат со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.